**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. „Гоце Делчев“ 9а, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

Бр. 08-1876/3
16-10-2024
Скопје

**Филолошки факултет „Блаже Конески“**
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
распишува

## МЕЃУНАРОДЕН КОНКУРС
## за наградата „Блаже Конески“
## есеј на зададена тема
## (една по избор)

1. Конески како сведок на епохата: историските и општествените искуства на Македонија во делата на Конески
2. Блаже Конески и идентитетската меморија
3. Употребата на македонскиот јазик во медиумите низ гледиштата на Конески за јазикот
4. Блаже Конески во светот на славистиката (споредбени толкувања)
5. Поетскиот превод на Блаже Конески – мост меѓу културите
6. Мостови меѓу генерациите: Блаже Конески и современите македонски поети
7. Творештвото на Конески (современи толкувања)
8. Современите контакти на македонскиот јазик со другите јазици

На Конкурсот имаат право да учествуваат сите студенти запишани на прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ и студентите од странство што студираат на некој од партнерските универзитети на мрежата за академска мобилност *Македонистичките студии во централноевропски, словенски и балкански контекст* (или: Македонистичка мрежа), CEEPUS MK-1906-01-2425: Универзитетот во Виена, Австрија, Институт за славистика; Универзитетот во Загреб, Хрватска, Филозофски факултет; Универзитетот во Риека, Хрватска, Филозофски факултет; Универзитетот ЕЛТЕ во Будимпешта, Унгарија, Оддел за словенски јазици; Шлезискиот универзитет во Катовице, Полска, Факултет за хуманистика; Универзитетот „Адам Мицкиевич“ во Познањ, Полска, Факултет за полски јазик и класична филологија; Универзитетот во Варшава, Полска, Факултет „Артес Либералес“; Универзитетот во Вроцлав, Полска, Институт за словенски студии; Универзитетот во Белград, Србија, Филолошки факултет; Универзитетот во Ниш, Србија, Филозофски факултет; Универзитетот во Љубљана, Словенија, Филозофски факултет; Универзитетот во Марибор, Словенија, Филозофски факултет и Шлезискиот универзитет во Опава, Чешка, Филозофски факултет.

Трудовите треба да бидат во форма на есеј, до 10 (десет) компјутерски страници, со големина на буквите 12 и проред 1,5 (28-30 реда на страница).

Трудовите на студентите од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **целосно анонимни, напишани под шифра, без име и презиме на авторот во документот**, во ПДФ формат се испраќаат на адресата: konkursblazekoneski@flf.ukim.edu.mk.

Трудовите на студентите од партнерските универзитети Македонистичката мрежа за академска мобилност при CEEPUS, **целосно анонимни, напишани под шифра, без име и презиме на авторот во документот**, во ПДФ формат се испраќаат на адресата: concoursblazekoneski@flf.ukim.edu.mk.

Името на ПДФ документот треба да биде исто како шифрата.

Авторството се докажува по соопштувањето на листата со наградените (шифрирани) есеи, со испраќање на трудот, шифрата, името и презимето на авторот и универзитетот на кој студира студентот, на konkursblazekoneski@flf.ukim.edu.mk и на concoursblazekoneski@flf.ukim.edu.mk

Трудовите треба да бидат напишани на македонски јазик со кирилично писмо.

**КОНКУРСОТ ТРАЕ ДО 2 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

Комисијата ќе ги додели следните награди:

За студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје:
- Прва награда во износ од 15.000 денари и
- пофалници за второ и трето место.

За студентите од странство, кои студираат на некој од партнерските универзитети, на Македонистичката мрежа за академска мобилност при CEEPUS:
- Прва награда во износ од 250 евра и
- пофалници за второ и трето место

Резултатите од Конкурсот ќе бидат објавени најдоцна до **12 декември 2024 година**, на огласната табла и на веб-страницата на Факултетот, а наградите ќе бидат врачени при одбележувањето на патрониот празник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

ОД КОМИСИЈАТА